# ЉУБОВ ДОЛГА 70 ГОДИНИ

**Џек Потер (91 година) и неговата сопруга Филис (93 години), минатата недела прославиле платинумска годишнина, односно 70 години брачен живот.**



Тие годишнината ја прославија во старскиот дом во Рочестер, а добиле честитки и од кралицата Елизабета. Џек секој ден ја посетува сопругата во домот, ѝ ги покажува фотографиите од нивниот живот и и чита од дневникот, за да ја потсети. Филис страда од деменција.

- Сите нѐ прашуваат која е тајната за вака долг брак, а јас само велам: што ќе биде, нека биде. Кај нас сѐ си течеше природно. Нашите животи се испреплетени и претставуваат сѐ што некој може да посака - вели Потер.

Џек ја сретнал Филис на игранка и веднаш се вљубил во неа. За таа вечер, во својот дневник напишал „4 октомври, 1941 година. Прекрасна вечер. Танцував со фина девојка. Се надевам дека повторно ќе се сретнеме“.

Само 16 месеци подоцна, тие се венчале. Целиот живот го поминале само тие двајцата заедно, а никогаш немале деца. Џек раскажува како таа била одлична партнерка за танцување.

- Кога и да се појавам, таа ги шири рацете и силно ме прегрнува - вели 91-годишниот старец.

Откако ја напуштил војската, Потер работел во градежништво, сѐ до неговата пензија во 1982 година. Во куќата во Рочестер живееле 50 години сѐ додека Филис била преместена во старски дом каде што овојпат ја прославиле годишнината.

- Обично годишнините ги прославуваме мирно, со чаша вино и парче торта, но луѓето од домот сакаа овојпат да биде посебно - објаснува Џек.

## *Над 800 дипломци завршиле студии на универзитетот „Шефилд“*



**Академијата за менаџери под покровителство на Меѓународниот факултет на универзитетот „Шефилд“, Сити колеџ одржа средба на „Шефилд“ дипломци во ресторанот „Арабеска“.**

На настанот присуствуваа раководството и истакнати професори од Меѓународниот факултет на универзитетот „Шефилд“, Сити Колеџ од Солун, Грција. Универзитетот „Шефилд“ е еден од најстарите британски универзитети, кој во 2011 година е именуван за универзитет на годината во Велика Британија од страна на Тајмс хајер едјукејшн аворд за академската 2011-2012 година, како и меѓу првите 100 универзитети во светот.

- Академијата за менаџери во континуирана соработка и комуникација со бизнис-секторот во Република Македонија ги препознава потребите за соодветно образование и истражување, со кое ќе им се помогне на компаниите при соочување и решавање на тековните предизвици и тешкотии, и на тој начин да овозможиме развивање на бизнис-мрежата во Македонија - вели Марија Никовска, генерален директор на Академијата за менаџери.

